ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

6 април 2020 година

# СООПШТЕНИЕ

## Времени мерки за осигурени лица за остварување права од здравствено осигурување во услови на пандемија на Коронавирус Covid19

Фондот за здравствено осигурување презема низа мерки во интерес на безбедноста на граѓаните на целата држава, како и на здравствените работници за да се минимизира непотребниот контакт меѓу матичните лекари и пациентите, кои треба да се обраќаат на лекар само кога тоа е навистина неопходно.

***Право на здравствена заштита за дијагностицирање и лекување од Коронавирус-COVOD 19***

Владата донесе Уредба со законска сила( Сл.Весник 92/2020), со која се утврдува дека, до совладување на епидемијата на Коронавирусот, се овозможува да користат здравствена заштита- **дијагностицирање и лекување од Коронавирус односно COVID -19:**

- ✓ осигурените лица на Фондот на кои правата од задолжителното здравствено осигурување им се ускратени, поради тоа што обврзникот кој за нив го плаќа придонесот, придонесот не го плаќа редовно, односно има долг за неплатен придонес; и
- ✓ лицата кои не се здравствено осигурени по ниеден основ

***Право на боледување:***

- ✓ За отворање на ново боледување, или за продолжување на боледувањето, пациентите треба да се јават телефонски кај матичниот лекар. Нема потреба да доаѓаат кај матичниот лекар, лекарската комисија на Фондот ниту во подрачните служби на Фондот.
- ✓ Матичниот лекар може да издаде боледување до 15 дена (наместо до 7 дена).
- ✓ Кога матичниот лекар поради болест или изолација не е на работното место, здравствените услуги ги пружа лекарот замена. Во случај кога во изолација се наоѓа и лекарот замена, Фондот ќе овозможи без ограничување назначување на втор лекар, а по потреба и друга замена.
- ✓ За било кои други прашања, осигурениците не треба да доаѓаат во подрачните служби на Фондот, туку да се обратат по маил на info@fzo.org.mk

***<u>Продолжување на завршено породилното боледување</u>***

- ✓ Владата донесе Уредба со законска сила, со што, од датумот на прогласување на вонредната состојба, односно од 18 март 2020 година, се **продолжи правото на породилно боледување** на родителите на деца кои се во работен однос и во периодот на важење на времените мерки поради настаната вонредна состојба, по завршување на истото не можат започнат со работа.
- ✓ Избраниот гинеколог не треба да отвори ново породилно боледување, а Фондот по службена должност ќе продолжи со исплатата на надоместокот, за што ќе издаде ново решение.
- ✓ Доколку работничката/работникот по завршување на породилното отсуство, се враќа на работа по воведување на вонредната состојба, **треба да даде изјава во подрачната служба на Фондот дека се откажува од користење на правото на продолжено породилното отсуство.**

***<u>Издавање рецепти за лекови на товар на Фондот</u>***

- ✓ Матичниот лекар може да издаде рецепт за хронична терапија и во случај кога препораката од специјалистот/отпусното писмо е постара од една година. Сите специјалистички извештаи, конзилијарни мислења и отпусни писма издадени во 2019 година ќе важат до завршување на важење на времените мерки.
- ✓ Рецепти за хроничната терапија матичниот лекар може да издава за 6 месеци.
- ✓ За прашања поврзани со лекови, осигурениците не треба да доаѓаат во подрачните служби на Фондот, тука да се обратат по маил на farmacija@fzo.org.mk

***<u>Здравствени услуги од специјалистичко – консултативна здравствена заштита и општа стоматологија</u>***

- ✓ Стоматолошки услуги на осигурените лица ќе се пружаат во итна стоматолошка служба организирана во здравствените домови во РСМ. Во градовите каде нема услови за организирање итна стоматолошка служба во здравствениот дом, Стоматолошката комора ги организира дежурствата од редот на приватните здравствени установи по општа стоматологија.

- ✓ Поради тоа приватните здравствени установи од дејноста општа стоматологија, се ставаат во мирување и треба да даваат совети на матичните пациенти од дома по телефон во работно време кое е наведено за нивната установа.

- ✓ Здравствените установи од специјалистичко консултативна здравствена заштита треба да работат во предвиденото работно време и да пружаат здравствени услуги само во итни случаи, со исклучок на ортодонција и протетика.

Во периодот на важење на мерките, доколку здравствените установи од специјалистичко консултативна здравствена заштита не можат да ги пружат здравствени услуги на осигурените лица во рамките на утврдениот месечен надоместок, неискористените средства ќе може да ги искористат по завршување на мерката, односно до крајот на годината.

***<u>Заверка на ортопедски помагала</u>***

- ✓ Доколку осигуреното лице има специјалистички извештај и наод оценка и мислење постари од 1 година, важењето на истите се продолжува до 31.05.2020 година. При тоа избраниот лекар може да пропише потврди за потреба од ортопедско помагало само за наведениот период.
- ✓ Избраниот лекар потврда за потреба од ортопедско помагало ја пропишува врз основа на телефонско јавување на осигуреното лице. Потврдите за ортопедски помагала задолжително се пропишуваат најмалку за 3 месеци, но не повеќе од 6 месеци. Избраниот лекар потврдите ги издава врз основа на податокот за последно издадена потврда евидентиран во медицинската евиденција на осигуреното лице, согласно Правилникот за индикации за издавање на ортопедски и други помагала.

**Избраниот лекар на потврдата за потреба од ортопедско помагало, <u>задолжително треба да го евидентира телефонскиот број за контакт на лицето</u>** кое ќе ја подига заверената потврда од подрачната служба, или за да биде испратена смс порака со бројот на заверените потврди.

- ✓ Потврдите за потребата од ортопедско помагало скенирани, избраниот лекар ги доставува електронски на посебна е-маил адреса кај одговорно лице во подрачната служба на Фондот.
- ✓ Доколку осигуреното лице за прв пат остварува правото на отропедско помагало, или има нов специјалистички извештај, избраниот лекар треба истиот да го достави скениран заедно со пропишаните потврди.

**Прилог:** Список на лица за контакт за ортопедски помагала во подрачните служби на Фондот

- ✓ Одговорното лице од Фондот потврдите за потребата од ортопедско помагало пристигната електронски од избраниот лекар ги заверува во системот на Фондот.
- ✓ За заверената потврда Фондот го известува осигуреното лице на оставениот контакт телефон. Известувањето може да биде со смс порака за бројот на заверката на потврдата, или со телефонско јавување за денот кога треба да се подигнат заверените потврди.

- ✓ Осигуреното лице без оглед на начинот на кој е известен за заверената потврда, потребното помагало може со доказ за идентификација на лицето на кое му е потребно помагало и бројот на заверката , да го подигне истото во ортопедската куќа по сопствен избор.

***Остварување на право на рехабилитација како продолжено болничко лекување***

- ✓ Природните лекувалишта за време на важење на вонредната состојба нема да работат.
- ✓ Остварувањето на правото на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, осигурените лица ќе го остварат по завршување на времените мерки.
- ✓ Осигурениците кои треба да ги реализираат решенијата (кои се со важност од два месеци) за остварување на правото на специјализирана медицинска рехабилитација, ќе може да ја продолжат и по престанок на времената мерка.
- ✓ Осигурените лица кои се веќе на рехабилитација, доколку имаат потреба да ја прекинат, истата може да се продолжи за толку денови колку што преостанале согласно деновите одобрени во решението.
- ✓ Ако осигуреното лице ја прекине специјализираната медицинска рехабилитација ќе има право, по завршувањето на времената мерка, да ја продолжи истата за онолку денови колку што преостанале согласно решението.

***Остварување на право на БПО***

Осигурените лица кои треба да ги реализираат издадените ваучери за остварување на право на БПО (кои се со важност од 6 месеци), ќе може истите да ги продолжат и да ги реализираат по престанок на времената мерка. Тоа значи ако осигуреното лице не ја започне БПО постапката во рокот од 6 месеци, ќе има право, по завршувањето на времената мерка, да ја продолжи важноста на ваучерот за онолку денови/месеци колку што преостанале согласно издаденото одобрение (ваучер) за БПО постапка.

***Права од здравствено осигурување***

- ✓ **Правата** од здравственото осигурување **не застаруваат за 5 години**. Поради тоа, осигурените лица, за време на важење на мерките, не треба да го загрозуваат своето здравје како и здравјето на другите граѓани, со доаѓање во просториите на подрачните служби и централната служба на Фондот. Исклучок претставува регулирање на здравственото осигурување, доколку истото не може да се заврши по електронски пат, или кога се работи за итни и неодложни потреби како што е поведување на постапка за лекување во странство.
- ✓ Се препорачува осигурениците за да не доаѓаат во просториите Подрачна Служба на Фондот, имаат можност да пратат скенирани/фотографирани барања со пропратна


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

документација за остварување на правата од здравствено осигурување (барањата да ги праќаат на е- маил.

**Сите инфо броеви и е-маил адреси од подрачните единици од ФЗОРСМ по градови, се објавени на насловната страница на Фондот**.
Линк на барања/обрасци за осигурени лица:
http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=AFCEBD1C4148A34EA9769F757FF69E7F

***Начин на плаќање на придонес за здравствено осигурување***

За лицата кои треба да се осигураат или веќе се осигурани по следниве основи: лица со повисок приход, корисници на пензија од земји со кои РСМ нема склучено договор за социјално осигурување, верски лица и индивидуални земјоделци, Фондот по службена должност генерира МПИН декларација и ја доставува до УЈП на обработка. По добивање на МПИН декларациите, истите Фондот ќе се достави на е-маил доколку осигуреникот има оставено маил адреса, или по пошта.

***Напомена***

- ✓ Сите информации и контакт телефони поврзани со новонастанатата состојба во врска со Коронавирусот се објавени на веб страницата на Фондот fzo.org.mk
- ✓ **Препорака** на Фондот **за сите осигуреници**, е наместо да дојдат во подрачните или централната служба на Фондот да се обратат по маил на info@fzo.org.mk
- ✓ **Препорака** на Фондот **за сите здравствени установи**, е наместо да дојдат во подрачните или централната служба на Фондот да се обратат по маил на zuinfo@fzo.org.mk

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk